ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

**ВОНРЕДЕН БРОЈ 6 ГОДИНА 32 ДАТА 07.04.2014 ГОДИНА**

# *ПРАВИЛНИК*
## *ЗА СУДИИ И СУДЕЊЕ НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)*



Фудбалска Федерација на Македонија

# ПРАВИЛНИК
## ЗА СУДИИ И СУДЕЊЕ НА ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

(пречистен текст)

Врз основа на Одлуката бр. 01-823/1-14 донесена од Генералното собрание на Фудбалската федерација на Македонија одржано на 22.03.2014 година а во согласност со член 43 став 1 алинеа д од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија се утврдува пречистен текст на:

# ПРАВИЛНИК ЗА СУДИИ И СУДЕЊЕ НА ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**(пречистен текст)**

## I. ОПШТ ДЕЛ

### Член 1

Со овој правилник се уредуваат положбата, правата и обврските на Комисиите на фудбалските судии на судиската организација на Општинските фудбалски сојузи (ОФС) и Фудбалската федерација на Македонија(ФФМ), како и правата, обврските и одговорностите на судиите членови на судиската организација на ОФС. Начинот на нивното организирање, одлучување и други прашања, се утврдуваат со овој правилник и со Статутот на ФФМ.

## II. СУДИСКА КОМИСИЈА НА ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ

### Член 2

Судиската организација на ОФС во понатамошниот текст СО на ОФС е основен, стручен и организиран облик на дејствување на фудбалските судии во ОФС, кој се организира врз територијален принцип.

Член на СО на ОФС може да биде лице кое има положено испит за фудбалски судија или по престанокот на активното судење да е преименуван во инструктор - контролор и живее или работи на таа територија.

### Член 3

Со овој правилник се определени целите и задачите на судиите и инструкторите.

### Член 4

СО на ОФС се формира за подрачјето на еден или повеќе Општински фудбалски сојузи.

СО на ОФС може да формира Општински фудбалски сојуз, на чие подрачје има најмалку 15 активни фудбалски судии, и одреден број инструктори.

Ако подрачјето на ОФС има помалку од 15 активни фудбалски судии и инструктори, тие судии и инструктори се приклучуваат и членуваат во СО на ОФС на најблискиот ОФС или на повеќе ОФС, кои заеднички формираат Судиска комисија на ОФС.

### Член 5

Член на СО на ОФС е оној судија кој е воведен во матичната евиденција, и членството го докажува со платена годишна членарина и судиска легитимација, која е единствена за територијата на Република Македонија.

**Член 6**

СО на ОФС од своите редови, избира судиска комисија која раководи со судиската организација од 3-5 члена, според бројот на членството. Од редот на избраното раководство се избира претседател на комисијата.

Претседателот на Судиската комисија на ОФС, што ќе го изберат судиите на седница, го потврдува Управниот одбор на Општинскиот Фудбалски Сојуз.

**Член 7**

Претседателот на Судиската комисија на ОФС ја претставува комисијата и раководи со работата на комисијата.

**Член 8**

Членовите на СО на ОФС и Судиската комисија на ОФС своите работи и задачи ги остваруваат во согласност со овој правилник, одлуките на Општинскиот фудбалски сојуз и одлуките на Судиската комисија на ФФМ.

Мандатот на членовите на Судиската комисија на ОФС трае колку и мандатот на членовите на Управниот одбор на ОФС, но може да биде отповикан предвреме со Одлука на Управниот одбор на ОФС со знаење на Судиската организација.

**Член 9**

Права, должности и одговорности на членовите на СО на ОФС на фудбалските судии на ОФС се:

- право да избираат и да бидат избрани,
- да покренуваат иницијативи и даваат предлози за расправа по одделни стручни прашања,
- право на легитимација,
- да работат врз сопствено стручно осопособување,
- редовно да плаќаат членарина,
- да се ангажираат за остварување на програмите донесени од највисокиот орган на ОФС,
- да се ангажираат за омасовување на организацијата со нови членови и
- да ги почитуваат и доследно да ги спроведуваат правилата на фудбалската игра и нормативните акти на фудбалската организација.

**Член 10**

Права, должности и одговорности на Судиската комисија на ОФС се:

- доследно да ги спроведува одлуките и заклучоците на највисокиот орган на ОФС и одлуките на Судиската комисија на ФФМ,
- да составува листи на судии, помошни судии, и инструктори за општинската лига, кои ги усвојува органот на ОФС,
- да предлага свои кандидати за листата на Трета лига,
- предлага членови за Судиска комисија на Трета лига
- да врши делегирање на судии за натпревари од својот делокруг (општинска лига),
- да организира и спроведува полагање на испити за нови судии, донесува одлука

за преведување во постојан судија и да врши проверка на стручната, теоретската и физичката подготвеност на судиите од општинската лига,

- да предлага програма за стручно усовршување на судиите и инструкторите преку ОФС до Судиската комисија на ФФМ,
- да дава мислења по жалбите на клубовите, кога се однесува за материјална повреда на правилата на фудбалската игра на натпреварите од општинската лига
- да врши и други работи што ќе му се стават во надлежност со Статутот на ОФС, другите нормативни акти и овој Правилник.

## **III.** СУДИСКА КОМИСИЈА НА ТРЕТА ЛИГА(РЕГИОН)

### Член 11

Судиската комисија на ФФМ во соработка со судиските комисии на ОФС кои го сочинуваат регионот предлага на Управниот одбор на Третата лига членови на Судиска комисија на Третата лига.

Судиската комисија на Третата лига е составена од 3 (три) члена - еден претседател и два члена од редот на инструктори со Републичка категорија.

Судиската комисија на Регионот :

- на предлог на судиските комисии на ОФС составува листи на судии, помошни судии и контролори за трета лига, кои ги усвојува Управниот одбор на Трета лига,

- во соработка со Судиската комисија на ФФМ раководи со делегирањето на судии и контролори за натпреварите во Третата лига

- дава мислења по жалбите на клубовите кога се однесува за матерјална повреда на правилата на фудбалската игра на натпреварите од трета лига

- ги спроведува одлуките и заклучоците на Управниот одбор на Третата лига и Судиската комисија на ФФМ

- за својата работа поднесува извештај до Управниот одбор на Третата лига и Судиската комисија на ФФМ

## **IV.** СУДИСКА КОМИСИЈА **НА ФФМ**

### Член 12

Управниот одбор на ФФМ на предлог на Претседателот на ФФМ го именува претседавачот на Судиската комисија на ФФМ.

На предлог на претседавачот на Судиската комисија на ФФМ, Управниот одбор ги избира членовите на Судиската комисија на ФФМ

Судиската комисија на ФФМ се избира од редот на инструкторите исклучиво со Републичка категорија.

Судиската комисија на ФФМ е составена од претседавач ,заменик претседавач и три члена.

За членови на Судиската комисија на ФФМ се предлагаат кандидати кои имаат највисока републичка категорија.

Претседавачот ја претставува Судиската комисија и раководи со неа.

### Член 13

Судиската комисија на ФФМ ја организира и координира работата на фудбалските судии и инструктори на територијата на Република Македонија.

**Член 14**

Судиската комисија на ФФМ по претходна расправа изготвува програма за работа која е единствена за територијата на Република Македонија и опфаќа стручни прашања од работата на судиската организација. Со програмата се опфатени и прашањата за омасовување, селекција, унапредување и усовршување на судискиот и инструкторскиот кадар.

За реализација на програмата, Комисијата предлага и финансиски план кој е составен дел од финансискиот план на ФФМ.

**Член 15**

Судиската комисија на ФФМ ги врши следните работи :

1. Донесува одлуки и дава толкување во врска со примената на Правилата на фудбалската игра;
2. Формира за свои цели и задачи помошни тела во вид на постојани или повремени комисии за имплементација на судиската конвенција.Судиската комисија ги именува и разрешува членовите на привремените и постојани работни тела.
3. За УО на ФФМ изготвува предлози за измена на Правилата на фудбалската игра, кои се поднесуваат до надлежните органи;
4. Предлага листи за судење во Прва, Втора и Трета МФЛ, меѓународна листа и листа на инструктори, а притоа води сметка за критериумите од овој правилник при рангирањето на кадри.
5. Определува судии за Финалињата на купот на РМ во сите категории и за меѓународни натпревари согласно делегирањето на ФИФА и УЕФА.
6. Воспоставува еднистven систем на судење и примена на Правилата на фудбалската игра согласно овој Правилник.
7. Организира семинари за судии и инструктори кои се наоѓаат на листите за следење на судењето на натпреварите од лигите на ФФМ;
8. Подготвува и обезбедува реализација на сите корисни средства и начин на усовршување на судискиот и инструкторскиот кадар;
9. Предлага годишни и повеќегодишни програми за работа;
10. Спроведува испити за Републички судии и судија од Прва и втора категорија;
11. Врши анализа на судењето во степенот на натпревари на ниво на ФФМ;
12. Дава мислење по жалбите на клубовите, кога се работи за материјална повреда на Правилата на фудбалската игра;
13. Поднесува извештај до УО на ФФМ за својата работа на крајот од секоја полусезона;
14. Одредува инструктори за предавање на клубови од правила на Фудбалската игра
15. Врши и други работи што му се ставени во надлежност со Статутот на ФФМ и другите нормативни акти, како и одлуките и заклучоците на Собранието и УО на ФФМ.

**Член 16**

Претседавачот на Судиската комисија на ФФМ во соработка со членовите на комисијата одредува најмалку едно лице кое ќе менаџира со делегирање на судиите по категории во понатамошен текст комесар за делегирање.

Претседавачот на Судиската комисија на ФФМ во соработка со членовите на комисијата се грижи за спроведување на програмите за врвна и почетна едукација, талент и ментор програмата, односно програмите предвидени со судиската конвенција.

За стручно и административното работење на Судиската комисија и нејзините помошни тела, се одредува најмалку едно лице кое ќе менаџира со работата на Судиската комисија.

**Член 17**

Претседавачот на Судиската комисија односно од него овластен член раководи со делегирањата на инструкторите.

## IV. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА СУДИИ И ИНСТРУКТОРИ

**Член 18**

Судиите според стажот, подготвеноста и квалитетот во извршувањето на своите должности се распоредуваат во следните категории :

1. **Републички судии**
2. **Судии од прва категорија**
3. **Судии од втора категорија**

Судиите својата подготвеност за водење на натпревари на одредениот степен ја докажуваат со испитот за стекнување на соодветна категорија.

**Член 19**

Судијата може да биде унапредуван само за една категорија и не може да биде вратен во пониска категорија.

**Член 20**

Преведувањето на судиите од пониска во повисока категорија се врши со полагање на испит врз основа на овој правилник. Со престанок на активно судење судиите се преведуваат во инструктори во таа категорија што ја имале како активни судии.

## V. ИСПИТИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА КАТЕГОРИЈА

**Член 21**

Со овој правилник се уредуваат единствените услови за стекнување на звањето фудбалски судија за трите категории, како и други односи кои се од значење за подготовките и спроведување на испитите.

## КАНДИДАТ ЗА СУДИЈА

**Член 22**

За полагање испит за привремен судија, кандидатот поднесува пријава до Судиската

комисија на ОФС на територијата каде што живее.

Со пријавата кандидатот ги приложува следните документи:

а) извод од матична книга на родените,

б) лекарско уверение,

в) куса биографија со осврт на својот спортски живот,

г) потврда од општинскиот фудбалски сојуз, во која треба да се назначи играчкиот стаж (колку години активно играл во сениорска екипа) и

д) писмена изјава дека против него не се води кривична постапка.

**Член 23**

Пријавата за полагање на судискиот испит задолжително ја содржи следната изјава : "Се пријавувам за полагање на испит за фудбалски судија и се обврзувам дека фудбалските натпревари ќе ги судам совесно, во рамките на своето најдобро знаење и умеење, почитувајќи ги и доследно применувајќи ги Правилата на фудбалската игра и другите про писи со кои се регулира одигрувањето на фудбалските натпревари, ќе се придржувам кон Статутот и другите нормативни акти, како и кон одлуките и заклучоците на Судиската комисија на ФФМ, ОФС ,УО на ФФМ, ФИФА и УЕФА.

**Член 24**

Испит за фудбалски судија може да полага лице кое не е помало од 16 години, ниту постаро од 26 години, а кога се работи за играч со најмалку 5 години играчки стаж во сениорска екипа, кандидатот да не е постар од 28 години.

**Член 25**

Испит за фудбалски судија не може да полага :

а) лице кое со Одлука на надлежен орган во областа на физичката култура е бришано од членство;

б) лице кое со правосилна одлука на надлежен орган е осудено за кривично дело, како и лице против кое се води кривична постапка за кривични дела, и

в) лице кое поради здравствени причини не може да ја врши судиската должност.

**Член 26**

Пред полагањето на судискиот испит, привремениот судија задолжително врши здравствена проверка според Здравствениот правилник на ФФМ и доставува потврда.

**Член 27**

Кандидатот кој добил дозвола за полагање на судискиот испит, може да биде делегиран да суди натпревари од рекреативен карактер или од општински степен на натпревари.

**Член 28**

Раководството на Судиската комисија на ОФС за секој испит определува испитна комисија за теоретскиот и практичниот дел од испитот, од списокот на испитувачи што ќе го утврди Судиската комисија на ОФС од редот на инструктори.

Комисија за теоретски дел од испитот се состои од 3 (три) члена со Републичка или Прва категорија.

### Член 29

За кандидатот кој стекнал услови за полагање испит за фудбалски судија, во рок од 3 (три) месеци од денот на положениот испит, надлежната Судиска комисија на ОФС од неговата територија ќе треба да донесе одлука со која го прогласува од кандидат во фудбалски судија.

Раководството на Судиската комисија на ОФС кога ќе донесе одлука за преведување во фудбалски судија ќе достави до Судиската комисија на ФФМ решение со потребни податоци за воведување во матична книга и за издавање на судиска легитимација на новиот судија. Списокот на преведените судии се објавува во гласилото "МАКФУДБАЛ" и се евидентира во КОМЕТ системот.

## ФУДБАЛСКИ СУДИЈА ВТОРА КАТЕГОРИЈА

### Член 30

Звањето судија од Втора категорија се стекнува по пат на полагање на судиски испит пред Комисија формирана од Судиската комисија на соодветниот ОФС а одобрена од Судиската комисија на ФФМ,

Испитот се состои од теоретски и практичен дел.

Теоретскиот дел од испитот се состои од проверка на теоретските знаења, а практичниот дел со судење на 2 (два) натпревари.

Записникот се составува во 3 (три) примероци, од кои по еден се доставува на кандидатот, Судиската комисија на ОФС и Судиската комисија на ФФМ.

### Член 31

Ако кандидатот не го положил теоретскиот дел од испитот има право повторно да полага по 90 дена.

Ако кандидатот го положил теоретскиот, а не го положил практичниот дел, исто така целосно ќе го полага испитот по 90 дена.

Кандидатот може да го полага судискиот испит само двапати.

### Член 32

Кандидатот што се пријавил за полагање треба да биде носител на квалитетно судење во Општинската лига за што мислење дава Судиската комисија на ОФС.

### Член 33

Кандидатот за полагање на испит за судија од Втора категорија треба да ги исполнува следните услови:

а) да не е постар од 26 години во моментот на пријавувањето на испитот, а ако се работи за играч со играчки стаж од најмалку 5 години да не е постар од 28 години;

б) како судија да судел најмалку 20 натпревари во општинска или трета лига а ако бил регистриран играч за сениорска екипа на клуб од регионален или повисок степен на натпревари и има пет години активен стаж како играч наместо 20 да водел најмалку 15

натпревари;

в) да се наоѓа на листата на судење на натпревари во општинската лига;

г) да има најмалку две позитивни комисиски контроли од водени натпревари од Општинска или Трета лига од редот на инструкторите од Републичка или Прва категорија;

д) во последната календарска година, пред пријавувањето на испитот, да не е казнуван за материјална повреда на правилата и прекршоци со привремена казна преку 3 месеци за злоупотреба на слободно судиско уверение;

ѓ) да не е упатуван на повторен испит во последните години пред испитот за проверка на теоретска и физичка подготвеност, односно на тежина и висина;

е) во последните 12 месеци, пред пријавувањето на испитот, да не е оценуван со негативни оценки.

Молбата за полагање на испит се поднесува до соодветниот ОФС најдоцна до 30 Јуни, односно 31 Декември во тековната година. Со молбата се доставува и потребната документација. Судиската комисија на ОФС ја проверува документацијата и во рок од 8 дена треба да му одговори на кандидатот дали му дозволува полагање на испит или не.

Со молбата се приложува и уплатница за уплатен надомест, во висина што ќе ја утврди Судиската комисија на ОФС.

## Член 34

По предлог на Судиската комисија на ОФС, Судиската комисија на ФФМ составува список на испитувачи за теоретскиот и практичниот дел на испитот, во почетокот на секоја календарска година од редот на инструктори од Прва и Републичка категорија, испитот го спроведува комисија од 3 (три) члена.

Испитот се состои од теоретски и практичен дел.

**Теоретскиот** дел од испитот се состои од писмен и усмен дел со што се проверува знаењето на кандидатот од Правилата на фудбалската игра и прописите на ФФМ. Судиската комисија на ОФС составува програма за овој дел од испитот.

Писмениот дел од испитот содржи тестови од 20 прашања од Правилата на фудбалската игра и испитот трае 45 минути. Кандидатот се смета дека го положил теоретскиот дел од испитот ако одговорил најмалку 16 прашања.

Усниот дел од испитот се состои од два предмета и тоа:

- Правила на фудбалската игра како главен предмет и
- Прописи од фудбалската организација како спореден предмет.

Кандидатот кој на усниот дел од главниот предмет не задоволил се смета не го положил испитот, а ако не задоволил по прописите (споредниот предмет), се упатува на поправен испит по 30 дена. Доколку и на поправниот испит по прописите не задоволил, се смета дека испитот не го положил.

Практичниот дел од испитот се полага со судење на два првенствени натпревари во Општинска или Трета лига.

Одлуката на Комисијата за практичниот дел е полноважна ако за неа гласаат двата члена. Кандидатот кој на еден од двата натпревари не задоволил, се смета дека испитот не го положил.

Во извештајот Комисијата се изразува со констатација задоволил или не задоволил.

Записникот се составува во три примероци од кои по еден се доставува на кандидатот, на Судиската комисија на ОФС каде е пријавен кандидатот и на Судиската комисија на ФФМ.

### Член 35

На кандидатот кој ќе го положи испитот за судија од Втора категорија врз основа на извештајот на комисијата,Судиската комисија на ОФС ќе му издаде Решение, кое истовремено го објавува во стручно - информативниот лист на ФФМ, билтенот "МАКФУДБАЛ", и се евидентира во КОМЕТ системот.

Образецот со податоците што треба да се содржани во извештајот на Комисијата го утврдува Судиската комисија на ФФМ.

## СУДИЈА ПРВА КАТЕГОРИЈА

### Член 36

Судија за да стекне право да биде евидентиран и предложен за полагање на испитот за фудбалски судија од Прва категорија треба да ги исполнува следните услови:

- да е носител на квалитетно судење во Третата лига;
- по возраст да не биде постар од 32 години пред полагањето, а ако бил активен фудбалер во сениорска екипа најмалку 5 (пет) години, да не е постар од 35 години пред полагањето;
- да се наоѓа најмалку 2 (две) години на листата на судење на натпревари во Третата лига;
- да не е упатуван на повторен испит по теоретска и физичка подготвеност во годината на евидентирањето и
- да не е казнуван од Дисциплинскиот орган на ФФМ со казна поголема од три месеци.

Евиденцијата и предлагањето на кандидати се врши со писмено барање од кандидатот и мислење на Судиската комисија на ОФС, а Судиската комисија на ФФМ одлучува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање или не.

### Член 37

Добивањето на звање судија од Прва категорија се врши со полагање на посебен испит.

### Член 38

Испитот за судија од Прва категорија го спроведува Судиската комисија на ФФМ.

Испитот може да го полага само најквалитетниот судија од Втора категорија кој е носител на квалитетно судење во регионалните лиги и од кого со право се очекува успешно судење .

Тој треба да ги исполнува следните услови:

а) да приложи уверение за положен испит од Втора категорија;

б) од добивањето на звањето фудбалски судија од Втора категорија успешно да судел на најмалку 20 првенствени натпревари во Трета лига, односно натпревари од младинска лига(од највисокиот степен на натпреварување) и Прва женска лига.На поранешни играчи од републичката лига, кои активно играле најмалку 5 (пет) години, може да им се дозволи полагање на испит за фудбалски судија од Прва категорија по стекнување на звањето фудбалски судија од Втора категорија и со отсудени 15 натпревари од предвидениот број на натпревари за останатите кандидати, во кои влегуваат и натпревари од младинска лига(од највисокиот степен на натпреварување) и Прва женска лига.

в) да се наоѓал најмалку две натпреварувачки години на листата за судење на натпревари од Третата лига;

г) да има позитивна оцена на еден (1) условен натпревар од инструктор со највисока категорија одреден од Судиската комисија на ФФМ.

д) да не е казнуван за повреда на правилата на фудбалската игра, да не е упатуван на повторна проверка на теоретската и физичката подготвеност во годината кога се пријавува за испитот.

Дали се допушта или не кандидатот ќе биде писмено известен со упатство како ќе се спроведува испитувањето.

**Член 39**

Испитот за судија од Прва категорија го спроведува испитна комисија на Судиската комисија на ФФМ која се состои од 3 (три) члена.

Испитот се состои од :

- Теоретски (писмен и усмен) дел и
- Практичен дел.

На теоретскиот дел од испитот, кој се состои од писмен и усмен дел се проверува знаењето на кандидатот од Правилата на фудбалската игра, Статутот на ФФМ и Правилникот за судии и судење на ФФМ.

Писмениот дел од испитот се состои од пополнување на тестот од 24 прашања од Правилата на фудбалската игра и прописите. Кандидатот кој има 20 точни одговори го положил испитот.

Усниот дел се полага од Правилата на фудбалската игра и прописи.

Практичниот дел од испитот се полага со судење на два натпревари во Третата или Втора Македонска фудбалска лига, пред комисија од два члена кои ги одредува Судиската комисија на ФФМ.

Кандидатот кој на еден од двата натпревара не задоволил се смета дека испитот не го положил во рокот.

Во записникот за полагање на практичниот дел иструкторите ја даваат оценката задоволил или незадоволил. За оценката задоволил мора да се согласат двата члена. Ако еден член смета дека задоволил, вториот не задоволил, кандидатот не го положил практичниот дел од испитот.

Членовите на испитната комисија за практичниот дел ги определува Судиската комисија на ФФМ со Републичка категорија.

За работата на испитната комисија се води записник, кој ги содржи следниве податоци:

- име и презиме на судијата, ден месец и година и место на раѓање, школска подготовка, занимање, дата кога е преведен во Втора категорија, податоци за практичниот дел од испитот- натпревар, противници, резултати, делегат, ранг на натпреварот, членови на комисијата и оценка, дата кога се положил теоретскиот и практичниот дел од испитот (посебна оценка за секој дел).

**Член 40**

Кандидатот кој ќе го положи испитот се прогласува за судија од Прва категорија од страна на Судиската комисија на ФФМ, кој му издава решение кое се објавува во стручно информативниот лист "Макфудбал".

Решението се издава во 4 (четири) примероци, од кои по еден примерок за судијата,

Судиската комисија на ОФС, Судиската комисија на ФФМ, Редакциски одбор на Макфудбал и се евидентира во КОМЕТ системот.

Кандидатот кој не го положил испитот има право на повторен испит после 6 месеци.

Испитот за судија од Прва категорија се полага само два пати.

## РЕПУБЛИЧКИ СУДИЈА

### Член 41

За да стекне право да биде евидентиран и предложен за полагање на испит за највисока категорија **РЕПУБЛИЧКИ СУДИЈА** кандидатот треба да ги исполнува следните услови:

1. Уверение за положен испит од Прва категорија.
2. Да е носител на квалитетно судење во Втората македонска фудбалска лига или да се наоѓа на помошна листа на Прва МФЛ и во последната година пред евидентирањето да се наоѓал на ранг листа во таа лига над 50% од вкупниот број на судии.
3. Да не е постар од 32 години пред полагањето на испитот, а ако бил активен фудбалер во клуб од Прва МФЛ со стаж од 5 (пет) години да не е постар од 35 години.
4. Да судел најмалку 20 натпревари во Втората МФЛ.
5. Да се наоѓал најмалку 2 години на листата на судење на Втора МФЛ.
6. Да не е упатуван на повторен испит од теоретска и физичка подготвеност во годината на евидентирањето на кандидатот и
7. Да не е казнуван од дисциплинскиот орган на ФФМ за материјална повреда на Правилата на фудбалската игра или за други причини со казна поголема од 3 (три) месеци.
8. Полагањето на испит за главен судија е од главна, а за помошен од помошна листа.

Евидентирањето и предлагањето на кандидат се врши само по писмен пат преку Судиската комисија на ОФС каде што живее кандидатот до Судиската комисија на ФФМ која одлучува дали се дозволува полагање на испитот или не.

### Член 42

Испитната комисија на Судиската комисија на ФФМ за највисока категорија му определува тема на кандидатот, кој е должен да ја подготви и достави до испитната комисија во рокот што ќе го утврди Судиската комисија на ФФМ.

Испитната комисија ја прегледува темата и ако утврди дека е успешно подготвена, ќе го распореди кандидатот во списокот на кандидати за полагање на највисока категорија РЕПУБЛИЧКА КАТЕГОРИЈА.

Судиската комисија секоја година изготвува програма со теми кои се даваат на кандидатите пред полагањето на испитот.

### Член 43

Испитот за РЕПУБЛИЧКА КАТЕГОРИЈА го спроведува испитна комисија на Судиската комисија на ФФМ која се состои од 3 (три) члена.

Комисијата за теоретски дел на испитот ја сочинуваат членови со категорија Републичка категорија.

**Член 44**

Испит за РЕПУБЛИЧКА КАТЕГОРИЈА може да полага кандидатот претходно евидентиран во списокот за полагање на испитот за оваа категорија, а притоа е недвосмислено утврдено дека кандидатот е носител на квалитетно судење во Вторaта МФЛ и од кој со право може да се очекува успешно судење по положен испит во највисок степен на натпревари.

**Член 45**

Кандидатот за полагање на звањето Републички судија треба да ги исполнува следните услови:

1. Од стекнување на звањето судија од Прва категорија да поминал во оваа категорија најмалку две години и да судел во Втора МФЛ најмалку 20 натпревари, вклучувајќи ги и натпреварите за Куп на Македонија, а во организација на Комисиите на УО на ФФМ.
2. Да не е казнуван во годината пред испитот за битна повреда на правилата или за други прекршоци со казна над 3 месеци и
3. На проверка на теоретска и физичка подготвеност да не е упатуван на повторен испит во годината кога го полага испитот.

**Член 46**

Испитот за Републичка категорија се состои од теоретски (писмен и усмен) и практичен дел. Во писмениот дел спаѓа и подготовка за тема.

На теоретскиот дел од испитот се проверува знаењето на кандидатот од Правилата на фудбалската игра, Статут на ФФМ и други прописи, како и прописи на ФИФА и УЕФА.

Теоретскиот дел се проверува со изработка на тема која ја подготвува во домашни услови.

Писмениот дел од испитот се состои од тестови од Правилата на фудбалската игра и задолжителни одлуки на ФФМ и одлуки и упатства на Интернационалниот Борд.

Кандидатот чија тема нема да се прифати или кој на тестот нема најмалку 20 точни одговори од 24 поставени прашања, се смета дека писмениот дел од испитот не го положил, а со тоа испитот во целина и не се дозволува полагање на усниот дел од испитот.

Кандидатот кој на усниот дел од предметот по Правилата на фудбалската игра, одлуки на ФФМ и Борд не задоволил, се смета дека испитот не го положил.

Практичниот дел од испитот се полага со судење на два првенствени натпревари во Втора МФЛ пред испитна комисија од два члена со Републичка категорија.

Одлуката за положен практичен дел од испитот за секој натпревар, мора да биде едногласна од двата члена.

Ако еден член смета дека кандидатот не го положил испитот, а вториот смета дека го положил испитот, се смета дека кандидатот не го положил испитот.

**Член 47**

Кандидатот кој ќе го положи успешно практичниот дел од испитот, Судиската комисија на ФФМ го прогласува за судија од Републичка категорија одлуката ја објавува во стручно информативниот лист "Макфудбал", и категоријата се евидентира во КОМЕТ системот.

Ако кандидатот не го положил теоретскиот дел, писмениот, усниот или практичниот

дел од испитот на еден натпревар, има право на повторен испит по 6 (шест) месеци од денот на полагањето.

Испитот за Републичка категорија може да се полага само два пати.

## VI. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ

### Член 48

Стручно усовршување на судиите се врши преку следните форми:

- пленарни состаноци,
- семинари,
- курсеви,
- проверка на теоретската подготвеност,
- проверка на физичката подготвеност,
- мерење на тежината со висина според утврдените нормативи

### Член 49

Пленарен состанок за своите судии организира Судиската комисија на ОФС. Комисијата организира семинари и проверки на физичка и теоретска подготвеност на судиите од Општинските лиги.

Судиската комисија на ОФС организира и курсеви за нови судии.

На пленарен состанок се анализираат и други натпревари што ги суделе судии од таа територија на повисок степен на натпревари.

Пленарните состаноци се задолжителни за сите судии од територијата на Судиската комисија на ОФС без разлика на која листа се наоѓаат.

### Член 50

Семинарите на фудбалските судии се одржуваат најмалку два пати годишно по степени на натпревари пред почетокот на секоја полусезона.

Проверка на судиите во сите степени на натпреварување може да се одржи и за времетраење на првенството поединечно или колективно.

Семинарите ги организираат Судиската комисија на ОФС за Општинските лиги, Судиската комисија на ФФМ за Прва, Втора и Трета лига.

## ПРОВЕРКА НА ТЕОРЕТСКАТА ПОДГОТВЕНОСТ

### Член 51

Проверката не теоретската подготвеност се врши најмалку еднаш годишно и ја спроведуваат органи во зависност од лигите што ја водат и тоа: Судиската комисија на ОФС за судии од Општинските лиги, Судиската комисија на ФФМ за судии од единствената листа од прва , втора и трета МФЛ.

### Член 52

Проверка на судиите се извршува пред комисија составена од три члена, кои ги именува Судиската комисија на ОФС и Судиската комисија на ФФМ секоја за својот

степен на натпревари.

Судија кој не задоволил на проверката има право на поправен испит а ако и тогаш не задоволува, се симнува од листата на судење на која се наоѓа.

Проверка на теоретската подготвеност се врши со тестирање и тоа:

- 16 прашања содржи тестот за судии од општинските лиги. Судија кој ќе одговори на 12 прашања се смета дека задоволил;
- 24 прашања содржи тестот за судии од единствената листа на прва МФЛ , втора МФЛ и третите лиги. Ако одговори на 20 прашања судијата се смета дека го положил испитот.

Судија кој од оправдани причини не дошол на проверката, ќе биде повикан на повторен испит во рок од 30 дена, а ако не дојде и на повторниот испит се смета дека се откажал од полагањето, се симнува од листата на судење и се става на располагање на Судиската комисија на ОФС.

## ПРОВЕРКА НА ФИЗИЧКАТА ПОДГОТВЕНОСТ

### Член 53

Физичката подготвеност се постигнува со редовен тренинг, а резултатите се проверуваат пред секоја сезона на една натпреварувачка година.

Тренинзите се задолжителни и нив ги организира и води Судиската комисија на ОФС.

Комисија од три члена врши проверка на судиите по степен на натпревари исто како и за теоретската подготвеност.

Судија кој не задоволил на една нормите од фитнес тестот има право на повторен испит по 30 дена.

Судиите кои не се јавиле на првото полагање и судиите кои не го положиле првиот испит ги сносат трошоците на Комисијата на повторниот семинар.

Доколку и на повторниот испит не положил една од трите норми, ќе се смета дека не го положил испитот и се симнува од листата на судење и се става на располагање на Судиската комисија на ОФС.

Пред проверка на физичката подготвеност судијата мора да биде лекарски прегледан од страна на Здравствената комисија на ФФМ,според одредбите на Здравствениот правилник на ФФМ се врши проверка на висината со тежината и ако не одговара на таблицата, судијата се симнува од листата се додека не се усогласи висината со тежината, а ако тоа не го стори за 30 дена се симнува од листата на судење и се става на располагање на Судиската комисија на ОФС.

## VII. ОБВРСКИ НА СУДИИТЕ

### Член 54

Судијата е должен да го суди натпреварот за кој ќе биде определен од страна на овластено лице за делегирање на судии согласно член 16 од овој Правилник. Ако во текот на натпреварот, судијата не биде во можност да го продолжи судењето поради болест и други непредвидени прични, судењето го продолжува четвртиот судија, доколку четвртиот судија не е од Главна листа, ќе го замени поискусен помошен судија.

### Член 55

Определените судии се должни најдоцна до 60 минути пред определениот почеток на натпреварот да бидат на игралиштето, благовремено да се подготват и навреме да излезат на терен извршувајќи ги сите потребни прегледи.

**Член 56**

Пред почетокот на натпреварот судијата е должен да ги изврши сите работи предвидени со Правилата на фудбалската игра, прописите на ФФМ, пропозициите на соодветниот степен на натпревари на кој суди и неправилностите да ги внесе во записникот од натпреварите.

**Член 57**

Судијата е должен натпреварот да го суди во пропишаната спортска опрема што ја утврдува УО на ФФМ по предлог на Судиската комисија на ФФМ.

**Член 58**

Судиите имаат право на надоместок, судиска такса за судење на натпреварот, патни и дневни трошоци.

Висината на судиската такса, по предлог на Судиската комисија на ФФМ ја утврдува Управниот одбор на ФФМ, за сите степени на натпреварување пред секоја натпреварувачка година, а за натпревари од подготвителниот период се наплатува такса 50% од утврдената.

Управниот одбор на ФФМ по предлог на Судиската комисија на ФФМ утврдува фонд за унапредување на судењето кој судиите се должни да веднаш по извршеното судење и негово наплатување, го платат на жиро сметка на ФФМ, и е во износ од 5% од таксата од секој одсуден натпревар за натпревари од подготвителниот период не се наплатува фонд за унапредување на судењето.

Кога судијата ќе суди надвор од своето место на живеење, покрај судиската такса му припаѓаат и патни и дневни трошоци според трошковникот што го утврдува надлежниот орган на ФФМ.

Доколку судијата суди на клубови од различен степен за Куп и меѓународни натпревари, се наплатува судиска такса според организаторот на натпреварите. Во налогот на судијата и помошните судии се наведуваат и износите што ќе ги наплатат од клубот. Ако по барање на ОФС или Третите лиги суди судија од листата на МФЛ, наплатува такса во висина утврдена за тој степен на натпреварување на кој се наоѓа судијата.

**Член 59**

Судијата што ќе наплати повеќе трошоци од предвидените според трошковникот, прави дисциплински прекршок. Покрај тоа што наплатените средства ќе ги врати, против него се покренува дисциплинска постапка.

**Член 60**

Судиите се должни да поднесат дополнителен извештај во два примероци доколку на натпреварот се случи инцидент, исклучување на играч, жалба во врска со примената на Правилата на фудбалската игра. Доколку судијата не постапи така ќе се предаде на дисциплинска одговорност од страна на Судиската комисија на ФФМ.

За сите спорни моменти и инциденти судиите се должни после натпреварот во

дополнителен извештај да ја известат Судиската комисија на ФФМ.

**Член 61**

Секој судија е должен благовремено, ако е спречен од било кои причини да не може да суди на одредено време, за тоа писмено да ја извести Судиската комисија на ФФМ. Ако е спречен по делегирањето, мора најдоцна во рок од 48 часа пред започнување на натпреварот, писмено да ја извести комисијата или телеграфски за спреченоста, а во рок од наредните три дена да поднесе писмена изјава и документација за причините заради кои откажува судење.

**Член 62**

Секој судија и инструктор е должен да плаќа годишна членарина, што ќе ја утврди со посебна одлука УО на ОФС за сите судии и инструктори. Секоја календарска година, најдоцна до 15 Јануари се утврдува висината на членарината, која се плаќа еднаш годишно.

Членарината се плаќа на сметка на ОФС.

Судија или инструктор кој не сака да уплати годишна членарина се смета дека не сака да членува и истиот писмено ќе се предупреди, ако и по писменото барање не уплати, ќе се симне од евиденција на судиите, односно инструкторите.

**Член 63**

Секој судија што се наоѓа на листата за судење мора да биде лекарски прегледан пред секоја натпреварувачка година, според одредбите на Здравствениот правилник на ФФМ. Судијата што нема да се прегледа ќе биде огласен за неспособен и нема да биде делегиран.

Лекарските прегледи се вршат во здравствените домови кај специјалист за спортска медицина, во колку постојат услови прегледите ќе се извршат во заводот за спортска медицина при здравствениот дом во Скопје.

**Член 64**

Судија што се наоѓа на боледување или е неспособен за работа на работно место, не може да врши функција на судија на натпревар во тоа време.

## VIII. ПРАВО НА СУДИИ И ИНСТРУКТОРИ

### ПРЕВЕДУВАЊЕ ВО ИНСТРУКТОР

**Член 65**

Со престанок на активното судење, судијата се преведува во инструктор во категоријата што ја имал како активен судија.

Ако некој судија бара предвреме да биде преведен во инструктор мора да ги исполнува следните услови:

- да наполнил 45 години возраст, а бил активен судија 10 години;
- да бил активен судија најмалку 15 години до поднесување молба за преведување во инструктор, а староста до најмалку 42 години;
- ако се разболел и лекарите констатираат дека не е во можност да ја извршува

ова функција заради болест, судијата ќе се преведе во инструктор ако бил најмалку 10 години активен судија и се стекнал со најмалку судија Прва категорија и по возраста не е помлад од 40 години.

Преведувањето за сите кандидати го врши Судиската комисија на ФФМ по писмено барање на судијата што престанал со судење.

Решение за преведување во инструктор се предава на подносителот, неговиот ОФС, и архивата на ФФМ и се евидентира во КОМЕТ системот.

**СУДИЈА - ТРЕНЕР**

**Член 66**

Судија кој врши должност на тренер, не може да ја извршува должноста судија се додека е тренер и за тоа време му мирува статусот судија.

Ако судијата паузира повеќе од 12 месеци, па се врати повторно за судење задолжително се врши проверка од теоретскиот и физичкиот дел на подготвеноста.

**СУДИЈА - АКТИВЕН ИГРАЧ**

**Член 67**

Активни играчи можат да полагаат испит за судија, но не можат да судат се додека се активни играчи.

**ПРЕДАВАЧИ - ИСПИТУВАЧИ**

**Член 68**

За подготвување и испитување на новите судии и за унапредување на постојните Судиската комисија на ОФС ќе ангажира за предавачи инструктори, лица кои имаат афинитет кон оваа дејност. Списокот на предавачите мора да биде верификуван од Судиската комисија на ФФМ.

## 5. МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА И СУДИСКА ЛЕГИТИМАЦИЈА

**Член 69**

Секој судија и инструктор мора да биде внесен во матичната евиденција на ФФМ, каде се води матична книга на судиите, кои се водат по категории, како и да биде евидентиран во КОМЕТ системот.

Легитимациите на сите судии ги издава Судиската комисија на ФФМ каде се води и матична книга за сите испитани судии по категории, како и за инструктори по нивно преведување во инструктори.

**ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО**

**Член 70**

Фудбалскиот судија автоматски престанува да биде член во следниве случаи:

- со поднесување на молба за престанок на членство;

- со ограничување на граѓански права;
- поради неактивност од повеќе од две години, или ако со одлука на дисциплински орган е изречена казна симнување од евиденција;
- ако не плати членарина и по писмено предупредување.

### 7. РЕАКТИВИРАЊЕ

#### Член 71

Судија или инструктор на кого му е уважена порано поднесената молба за престанок на членство или е осуден од страна на редовните судови за кривични дела со казна затвор, а од органите на ФФМ е дисквалификуван, може да се рехабилитира - реактивира во следните случаи:

- со доставување на решение за рехабилитација од судот;
- со доставување на уверение за бришење на издржаната казна дека повеќе не се сметаат како осудувани;
- со поднесување на молба за враќање во организацијата, бидејќи минале моментите заради кои поднеле молба за престанок во членство.

Одлуки за судиите од Втора категорија донесува Судиската комисија на ОФС од територијата каде што е судијата, а за судиите од Прва и Републичка категорија Одлука донесува Судиската комисија на ФФМ.

Против одлуките на Судиската комисија на ОФС, односно Судиската комисија на ФФМ незадоволната страна има право на жалба, првиот до УО на ОФС (општината), а вториот до УО на ФФМ.

## IX. ДЕЛЕГИРАЊЕ НА СУДИИ И КОНТРОЛОРИ

#### Член 72

За секој натпревар од постојните лиги се врши делегирање на судии по пропишани правила во кои се определени критериумите по кои се врши делегирање на судии и контролори донесени од страна на Судиската комисија а усвоени од Управниот одбор на ФФМ.

Претседавачот на Судиската комисија односно од него овластено лице (Комесар-и) раководи со делегирањето на судии односно контролори

Овластените лица од став 2 на овој член присуствуваат на седниците на Судиската комисија.

#### Член 73

Комесарот за делегирање на судии, може да го замени делегираниот судија за одреден натпревар ако оцени дека е тоа во интерес на натпреварот, а за оправданоста писмено го известува судијата и Судиската комисија на ФФМ.

#### Член 74

Судиите од листите на повисок степен на натпревари, можат да судат и на натпревар

од понизок степен.

Ако добијат незадоволителна оцена во понизок степен каде суделе, казната ја издржуваат и во погорниот степен на кој се наоѓаат како судии.

Судијата што ќе добие оцена 7,9 или 7,8 по добиено мислење од стручно тело формирано од Судиската комисија или самата Судиска комисија , не може да биде делегиран на два натпревара, а за оценката од 7,7 па надолу на 3 натпревари, но истите можат да паузираат и повеќе на предлог на Судиската комисија на ФФМ.

Комесар(и) за делегирање на судии ќе делегира судии за првенствени натпревари во прва и втора МФЛ, младинските лиги во организација на ФФМ, мал и женски фудбал како и КУП натпреварувања во организација на ФФМ согласно член 72 од овој Правилник.

Делегирањето на судии за третите лиги е во надлежност на овластено лице за делегирање на судии од страна на Управниот одбор на Третата лига во соработка со Судиската комисија на ФФМ.

**Член 75**

Секој судија мора во една натпреварувачка година да се делегира најмалку на 10 натпревари. Откажувањето се смета во бројот на делегирањето.

Ако судијата е делегиран, а не суди одреден број на натпревари, подлежи на санкции. Ако судијата не се рангира и за тоа нема посебно оправдување, се симнува од листата и се става и на располагање на неговиот ОФС.

**Член 76**

Контролорите кои ќе бидат на листа треба да го исполнат критериумот од 10 натпревари за да можат да бидат рангирани.

Контолорите се рангираат и се поделени во три групи. Разликата во делегирањето од првата до втората група не треба да биде повеќе од 20%, и од втората до третата не треба да биде повеќе од 20%.

Критериумите за рангирање и поделба во групи поблиску ќе биде одреден со правилник кој ќе го донесе Судиската комисија.

## X. ОЦЕНУВАЊЕ

**Член 77**

За судење на натпревари од Републички степен до Општински степен, судиите се оценуваат со бројки како што следува:

- **Позитивни оценки се:** од 8,0 до 10
- **Негативни оценки се:** од 5 до 7,9

Судијата од единствената односно посебната листа на судии по добивањето на третата негативна оцена во натпреварувачката сезона нема да се делегира до крајот на натпреварувачката сезона и по нејзино завршување се става на располагање на листа со еден ранг подолу.

**Член 78**

Оценување на судењето врши инструкторот делегиран како контролор на судењето

на натпреварот.

Оценувањето на судиите во Третите лиги го врши инструктор - контролор од соодветната листа.

Оценката за судењето заедно со извештајот за судењето и касетата се поднесува 48 часа по одигрување на натпреварот до канцеларијата на Судиската комисија.Оценката мора да биде детално образложена согласно упатството за оценување.

Одлуката за негативната оцена потврдена од надлежно тело на Судиската комисија согласно одредбите од Дисциплинскиот правилник се доставува до Дисциплинската комисија на ФФМ на понатамошно постапување.

**Член 79**

Незадоволниот судија од дадената негативна оценка има право на приговор до Судиската комисија на ФФМ за оценки од лигите на ФФМ и третите лиги и до Судиската комисија на ОФС за општинските лиги.

Со приговорот се приложува и уплатница за платена такса, која ја утврдува Судиската комисија на ФФМ. Приговорот мора да се разгледа во рок од 8 дена од приемот.

**Член 80**

Кога на натпреварот има определено посебен контролор и тој врши оценување на судијата, доколку оценките на контролорот на натпреварот и посебниот контролор се разликуваат се зема во предвид оцената на посебниот контролор.

**Член 81**

По приговорот од член 79 во прв степен одлучува Судиската комисија на ФФМ.

Незадоволната страна од одлуката на првостепениот орган може да поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на добивање на одлуката со уплата на такса чија висина е определена со одлука на УО на ФФМ.

По приговорот од член 79 за општинските лиги на ФФМ во прв степен одлучува судиската комисија на ОФС.

Незадоволната страна од одлуката на првостепениот орган на ОФС може да поднесе жалба до Комисијата за жалби на ОФС во рок од три дена од денот на добивање на одлуката со уплата на предвидената такса.

**Член 82**

Казнет судија или инструктор по Дисциплинскиот правилник на ФФМ, со казна три или повеќе месеци несудење или невршење на функција, повлекува казна во таа натпреварувачка година кога е казнет да не може да биде ставен на листа за судии односно на контролори од редот на инструктори.

Доколку Судиската комисија на ОФС изрече казна на судии или инструктори кои во моментот на изрекувањето на казната се наоѓаат на единствената листа за судење во првата, втората лига и третата лига истата треба да се достави до Судиската комисија на ФФМ, која треба да даде свое мислење – предлог.

Конечна одлука по изјавена жалба на заинтересирана страна донесуваат органите на ОФС односно ФФМ во втор степен.

## XI. ПОСЕБЕН ДЕЛ

## ФОРМИРАЊЕ НА ЛИСТИ

### Член 83

За судење на натпреварите се формираат посебни листи за судење, помошно судење и за вршење на контролорска должност – инструктори и тоа:

- главна листа на судии за Прва МФЛ,
- помошната листа на Прва МФЛ,
- главна листата на судии на Втора МФЛ,
- помошната листа на Втора МФЛ,
- главна листа на судии за Трета лига
- помошната листа на Трета лига
- листа на судии во Општинска лига
- главна листа на судии за ЖФЛ,
- помошна листа за ЖФЛ
- листа на судии во детски фудбал
- листа на судии за лиги во мал фудбал

Може да се формира единствена листа на судии:

- во сите степени на натпреварување и за сите категории
- за поедини категории

Бројот на судиите за секоја листа се утврдува на следниот начин:

- за главна листа на судии бројот на клубовите + 25%
- за помошната листа на судии, бројот на клубовите зголемен за 50%;

Доколку се формира единствена листа на судии, главната листа на судии ќе биде бројот на клубовите плус 50 % а за помошната листа бројот на клубови + 100%.

При формирањето на листите се утврдуваат и листи на перспективни судии. Целта на овие перспективни листи е следење на судиите за унапредување во повисока категорија.

### Член 84

Според утврдените критериуми од овој Правилник, листите на фудбалските судии и контролори од редот на инструктори се утврдуваат пред почетокот на секоја натпреварувачка година.

### Член 85

Листите по правило се отворени. По исклучок кога се работи за перспективни судии и кандидати кои се упатуваат на испит за одредена категорија, можат да бидат делегирани и на натпревари еден ранг повисок од листата на која се наоѓаат.

## СОСТАВУВАЊЕ НА ЛИСТИ

### Листи на Третите лиги

### Член 86

На листите за судење на третите лиги може да се стави судија од Втора и повисока категорија, кој на 1-ви август од годината за која се составува листата ги исполнува следните услови:

1. Да претставува неспорен квалитет за судење на листата од која доаѓа, за тоа како критериум се зема неговото место на ранг листата од изминатата година, односно според местото на ранг листата од која доаѓа. Ова не се однесува на судиите што доаѓаат од листи од повисок степен од кои испаднале од одредени услови предвидени со овој Правилник.
2. Да не е постар од 46 години ако се наоѓал на таа листа (тоа е граница на судење) односно да не е постар од 28 години, ако за прв пат доаѓа на таа листа,односно да не е постар од 30 години, ако бил активен играч најмалку 5 (пет) години во сениорска екипа од Трета лига или повисок степен на натпревари.
3. Во годината пред влегување во оваа листа да не е оценуван со негативни оцени.
4. Да има препорака од инструктор со звање инструктор од највисока категорија и да може да се очекува негово понатамошно унапредување.
5. Да е здравствено способен за судење според Здравствениот правилник на ФФМ.
6. Да судел најмалку 20 натпревари во општинска фудбалска лига( лига на ОФС).
7. Да положил успешно тест од теоретска подготвеност и фитнест пред почетокот на првенството за кое се составува листата.
8. Да има примерно спортско однесување и да служи за пример како спортист и граѓанин.

**Листа за помошно судење на Третите лиги**

**Член 87**

На листата за помошно судење на третите лиги може да се стави судија од Втора категорија, кој на 1-ви август од годината за која се составува листата ги исполнува следните услови:

1. Да не е постар од 45 години, ако се наоѓал на листата за судење,односно да не е постар од 34 години ако за прв пат се наоѓа на оваа листа.
2. До сезоната кога влегува на листа да бил најмалку 15 пати главен или помошен судија во општинската или регионалната лига.
3. Да е здравствено способен за вршењето на оваа функција според Здравствениот правилник на ФФМ.
4. Успешно да го положил тестот од теоретската и фитнест подготвеност пред почетокот на првенството на лигата.
5. Да има примерно спортско однесување и да служи како примерен спортист и граѓанин.

**Листа за судење во Втора македонска фудбалска лига**

**Член 88**

На листата за судење во втора МФЛ може да се стави само судија што положил испит од Прва категорија, кој на 1-ви август од годината за која се составува листата ги исполнува следните услови :

1. Да не е постар од 45 години, ако се наоѓал на листата за судење во втора МФЛ, односно да не е постар од 32 години ако за прв пат доаѓа на оваа листа. Ако бил фудбалер на сениорска екипа на клуб од Прва МФЛ со играчки стаж од 5 (пет) години, да не е постар од 35 години.
2. Да бил најмалку 2 (две) години на листата за судење во третите лиги и да отсудил најмалку 20 натпревари во трета лига.
3. Во последната натпреварувачка година да не е упатуван на проверка на

теоретска или физичка подготвеност во листата каде се наоѓал.

4. Во натпреварувачката година пред влегување на оваа листа да не е оценуван со негативна оценка.
5. Да е здравствено способен за водење на натпревари од овој вид според Здравствениот правилник на ФФМ.
6. Да има примерно спортско однесување и да служи за пример како спортист и граѓанин.

**Листа за помошно судење на Втора македонска фудбалска лига**

**Член 89**

На листата за помошни судии на Втора МФЛ може да се стави судија со звање судија од Прва категорија, кој на 1-ви август од годината за која се составува листата ги исполнува следните услови:

1. Да не е постар од 45 години ,ако се наоѓал на листата за судење во Прва или Втора МФЛ, односно да не е постар од 36 години, ако за прв пат доаѓа на оваа листа.
2. До сезоната кога влегува на оваа листа да бил најмалку 20 пати главен или помошен судија и да не е оценуван со негативна оцена.
3. Да е здравствено способен за извршување на оваа функција според Здравствениот правилник на ФФМ.
4. Успешно да гоположил испитот од теоретска и физичка подоготвеност пред почетокот на првенството на листа каде се наоѓал и
5. Да има примерно спортско однесување и да служи за пример.

**Листа на судии за судење на Прва македонска фудбалска лига**

**Член 90**

На листа за судење во прва лига може да се стави судија кој положил испит од Републичка категорија или ако се формира единствена листа и судија со Прва категорија, кој на 1 август за која се составува листата ги исполнува следните услови:

1. Да не е постар од 45 години, ако се наоѓал на досегашните листи за судење на натпревари во МФЛ, односно да не е постар од 32 години ако за прв пат доаѓа на оваа листа. Ако бил играч на сениорска екипа во поранешните клубови од сојузен степен на натпревари со играчки стаж од 5 (пет) години да не е постар од 35 години.
2. Да бил најмалку 2 (две) години на листата за судење во Втора МФЛ и да судел најмалку 20 натпревари во таа лига.
3. Во последната натпреварувачка година да не е упатуван на проверка на теоретска подготвеност и фитнест тест во листата каде се наоѓал.
4. Во натпреварувачката година пред влегувањето во оваа лига да не е оценуван со негативни оценки.
5. Да е здравствено способен за водење на натпревари од овој вид според Здравствениот правилник на ФФМ и
6. Да има примерно спортско однесување и да служи за пример како спортист и граѓанин.

**Листа на помошно судење на Прва македонска фудбалска лига**

**Член 91**

На листата на помошно судење на Прва МФЛ може да се стави судија со Републичка или Прва категорија, кој на 1-ви август од годината за која се составува листата да ги исполнува следните услови:

1. Да не е постар од 45 години ,ако се наоѓал на некоја листа како судија или како помошен судија во Прва и Втора МФЛ, односно да не е постар од 36 години, ако за прв пат доаѓа на оваа листа.
2. До сезоната кога влегува на оваа листа да бил најмалку 20 пати главен или помошен судија и да не е оценуван со негативна оцена.
3. Да е здравствено способен за извршување на оваа функција според Здравствениот правилник на ФФМ.
4. Да не е упатуван на повторна проверка од теоретска подготвеност и фитнест тест во годината пред составувањето на оваа листа и
5. Да има примерно спортско однесување и да служи за пример како спортист и граѓанин.

**Член 91а**

Судиите од листите на ФФМ по навршување на 45 години имаат право:

- да бидат преведени во инструктори
- да продолжат активно да судат до навршување на 50 години на листата за судење во мал фудбал согласно утврдени критериуми.

**Интернацинална листа за судење**

**Член 92**

Врз основа на прописите на ФИФА и УЕФА за секоја натпреварувачка година, Судиската комисија на ФФМ формира предлог листа на меѓународни судии.

На листата на интернационалните судии може да се стави само судија со највисока Републичка категорија, кој на 1-ви август во годината за која се составува листата ги исполнува следните услови:

1. Старосната граница на судијата да биде согласно прописите на ФИФА.
2. Претходно најмалку 2 (две) години да се наоѓал на листа за судење во највисок степен на натпревари во Републиката.
3. Да судел најмалку 20 првенствени и куп натпревари во Прва МФЛ и втора МФЛ ако листата е единствена, од стекнувањето на звање Републички судија.
4. Да претставува неспорен квалитет во судењето на натпреварите од највисок степен во Републиката, да не бил на ранг листа под 50% од бројот на судии на единствената листа за судење во првата и втората лига.
5. Во последните две натпреварувачки години да не е двапати оценуван со негативни како судија или помошен судија.
6. Да не е казнуван во последните две години за материјална повреда на Правилата на фудбалската игра.

7. Да не е упатуван во последните две години на поправен испит по теоретска и фитнест подготвеност.
8. Да познава еден светски странски јазик со кој ќе кореспондира во ФИФА и УЕФА и
9. Да има примерно спортско однесување и да служи за пример како спортист, педагог и граѓанин.

**Листа за помошно судење на интернационални натпревари**

**Член 93**

За да се стави судија на листата за помошно судење треба да се исполнат сите услови предвидени во претходниот член, со тоа што бројот на отсудените натпревари се однесува на бројот на помошното судење кога се наоѓал на единствената листа за судење во прва и втора лига.

## ЛИСТА НА ИНСТРУКТОРИ – КОНТРОЛОРИ

**Член 94**

За да се стави еден инструктор на контролорска листа, основен услов е да биде преведен во инструктор.

Да не се осудувани од дисциплинските органи за дела од материјална повреда, клевети и нечесно дело.

Да се лекарски прегледани и да се прогласени за здравствено способни за извршување на оваа функција, според Здравствениот правилник на ФФМ, а при тоа посебно да им биде прегледан видот и слухот.

Да се примерни спортисти и граѓани, и да се активни во Судиската организација.

Листата за контролори треба да брои, бројот на клубовите +50%

При формирање на контролорските листи, истите треба да ги исполнуваат следните услови:

- на листа на контролори - инструктори за Прва и Втора МФЛ ќе биде ставен инструктор кој најмалку бил 5 (пет) години на Главна листа на судии на Прва и втора МФЛ.
- листата на контролори - инструктори на Прва и Втора МФЛ се формира од инструктори исклучиво со Републичка категорија.
- на листата на контролори - инструктори за Третите лиги ќе биде ставен инструктор кој најмалку бил 5 (пет) години на Главна листа на судии на Втора и трета МФЛ.
- судија од Главна меѓународна листа, по преведување во инструктор, се става директно на контролорска листа на Прва и Втора МФЛ.
- сите останати судии, преведени во инструктори, ќе бидат на контролорска листа еден понизок степен на натпреварување од како завршиле со активно судење.

## СЕЛЕКЦИЈА

### Член 95

Со цел да се добие квалитетно судење, секоја година се врши селекција на листите за судење и помошно судење, кои се обновуваат со најдобро пласирани судии од определени степени на натпреварување од пониският во повисок степен и тоа на следниот начин:

1. Најдобро пласираните судии од третите лиги по предлог од Судиската комисија на ФФМ може да се стават на единствените листи на прва и втора лига , ако судиската комисија се увери во нивните квалитети со следење на судењето и едуцирање на семинари кои ги организира а ист број на судии се враќаат по региони од единствената листа на прва и втора лига или Општински сојузи каде живеат.
2. Од Прва МФЛ испаѓаат двајца судии последно пласирани и се враќаат на листите на Третите лиги таму каде припаѓа неговиот ОФС. Ако има повеќе слободни места влегуваат најдобро пласирани по места.
3. Најдобро пласираните судии или помошните судии по редот на местото што го добиле на ранг листата, мора да ги исполнат и условите за ставање на листи предвидени со овој Правилник. Ако некој судија односно помошен судија не ги исполнува условите иако е на ранг листата за погорната категорија оди наредниот кандидат од ранг листата.
4. Доколку испаѓаат повеќе судии односно помошни судии од поедини листи, заради успехот или други причини, ќе испаднат повеќе и во пониските листи (најслабо пласираните) за да отстапат место на тие што се враќаат од повисоките листи.
5. Ако вонредно се зголеми бројот на судиите на листите по одлука на УО на ФФМ за толку судии во наредното првенство ќе се намали или зголеми бројот на судии што отпаѓаат односно недостасуваат.
6. Судии со три негативни оценки не можат да се унапредат во таа година, тие се симнуваат од таа листа и се ставаат на располагање на ОФС.
7. Секој судија што ќе стори битна материјална повреда или злоупотреба на слободното судиско уверување, а со тоа ќе придонесе за промена на резултат или пласман на клубот на табелата ќе се симне од листата или ќе се префрли во еден степен понизок, во секое време.
8. Судиската комисија може да повлече или замени судија со нов од оправдана причина. Тој мора да ги исполни условите по овој Правилник, и да има за тоа оправдување. Овие измени Комисијата може да ги врши само во време на паузата меѓу есенската и пролетната сезона. Во текот на првенството нема замена.
9. Најслабо пласирани контролори ќе се заменат со нови кои ги исполнуваат критериумите за да бидат на таа листа секоја година.

## XIII. РАНГИРАЊЕ

### Член 96

За рангирање на судиите во сите степени на натпревари ќе се применуваат следните критериуми:

1. Просечен успех во судењето сметано на две децимали;.
2. Број на натпревари.

3. Во случај на ист просек од главно судење, број на натпревари, предност има помладиот судија.

**Член 97**

Ранг листата се изготвува кога по сите основи од член 96 од овој Правилник се сумираат резултатите.

**Член 99**

Начинот на рангирањето на контролорите, критериумите и методологијата се врши врз основа на правилник кој го носи Судиската комисија на ФФМ а го усвојува Управниот одбор на ФФМ

**Член 100**

За сите прашања што не се опфатени со овој Правилник, ќе се применуваат прописите на ФФМ.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 101**

Пречистениот текст на овој Правилник ги опфаќа измените и дополнувањата усвоени на седница на Собранието на ФФМ на 30.04.2011, седница на Собранието одржано на 29 јуни 2013 година и седница на Собранието одржано на 22.03.2014 година,

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

**СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ "МАКФУДБАЛ"**
*е стручно информативен лист на*
*ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата*

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
*Булевар "АСНОМ" 6б*
*ПОШТЕНСКИ ФАХ 84*
*1000 СКОПЈЕ*
*со ознака "ЗА МАКФУДБАЛ"*

*ЖИРО СМЕТКА*
**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
*300000001599760-Комерцијална банка АД Скопје*
*Даночен број: 4030992177382*
*ТЕЛЕФОНИ: 02/3166-943, ТЕЛЕФАКС: 02/3165-448*

**РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"**